УСПИ.бр.2/2017
УСПИ.бр.3/2017

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Нада Иванова - претседател на советот, Мустафа Шахини и Весна Јовановска - членови на советот, со записничар Незаат Реџепи - помлад судски соработник, решавајќи по предлогот за заштита поради незаконито дејствие по член 55 од Законот за управните спорови со предлог за издавање на времена мерка поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје против Централен регистар на Република Македонија, на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, согласно член 26 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови, донесе:

# РЕШЕНИЕ

Предлогот за заштита поради незаконито дејствие поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје, да се задолжи противникот Централен регистар на Република Македонија да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од ден 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски како и предлогот за издавање на времена мерка, СЕ ОТФРЛААТ.

## Образложение

До Управниот суд е поднесена Предлог за заштита поради незаконито дејствије против Централен регистар на Република Македонија, поднесен од Сојуз на синдикати на Македонија преку овластено лице в.д.претседател Дарко Димовски од Скопје, и се бара да се задолжи противникот Централен регистар на Република да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски. Со посебниот предлог за издавање на времена мерка се бара да се забрани на лицето Живко Митревски, отуѓување и оптоварување на подвижни предмети кои се имот на тужителот, забрана на отуѓување и оптоварување на недвижности кои се имот на тужителот, со прибелешка на забраната во јавна книга и забрана на лицето Живко Митревски да превзема дејствија што можат да му нанесат штета на тужителот, како и забрана да се извршат промени на предметите кон кои е насочено побарувањето и налог на носителот на платен промет на тужителот по налог на лицето Живко Митревски, да не дозволи од сметките на тужителот било какви исплати се до правосилно завршување на постапката за упис и промена на овластено лице на Сојузот на синдикати на Македонија.

Разгледувајќи го предлогот и списите во предметот, Судот утврди дека по истата работа веќе е донесена правосилна одлука во управен спор, Решение на Управниот суд Успи.бр.24/2016 и Успи.бр.25/2016 од 04.01.2017 година со која Предлог за заштита поради незаконито дејствије и Предлогот за издавање на времена мерка, се отфрлаат. Наведеното решение станало правосилно на ден 16.01.2017 година.

Согласно член 26 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови, („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06,150/2010), судот со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа.

Во смисла на цитираната одредба, пресудена работа во управен спор постои кога тужителот повторно го оспорува истиот управен акт по кој веќе е донесена правосилна судска одлука, кога е во прашање исто право или правен интерес предмет на решавањето и кога во новиот управен спор се јавува истиот тужител и истиот тужен орган кои учествувале во претходниот спор (иста работа).

Имајќи предвид дека во конкретниот случај се бара да се задолжи противникот Централен регистар на Република да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски а ќе го впише името на овластеното лице Дарко Димовски, за кое веќе е донесена правосилна судска одлука, се работи за ист правен интерес кај предлагачот и за исти странки со предметот Успи.бр.24/2016 и Успи.бр.25/2016, како и фактот дека во управен спор не може два пати во два различни премети и по два пердлога да се одлучува за законитоста на еден упарвен акт, Судот смета дека во управниот спор на предлагачот се работи за пресудена работа па одлучи како во изреката на решението, согласно член 26 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови.

Решенено во Управниот суд на ден 27.01.2017 година под Успи.бр.2/2017 и Успи.бр.3/2017.

Записничар - помлад судски соработник
Незаат Реџепи

Претседател на совет - Судија
Нада Иванова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба преку овој суд до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 3 дена сметано од денот на доставувањето на решението.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за предлогот во износ од 480,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа: примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338 Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Решението да се достави на:
- тужителот преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Нада Иванова

СЛ/